# План за час

| | | |
|---|---|---|
| **Седмица:** IV седмица<br>**Дата:** .09.2014 | **Тема:** Животни процеси<br>**Час:** Како растеме | **Одделение:** III |

| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности – Опис | Активности – Орг. форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 мин. | Знае за растот како животен процес кај човекот | учениците редоследно ги именуваат периодите од животниот циклус на човекот | Учениците ги подредуваат и лепат сликите запазувајќи го природниот тек на развојот на човекот од бебе до возрасен. | Г | слики од различни периоди на животот на човекот, лепак, лист А4 | лист А4 формат со залепени слики од животниот циклус на човекот |
| 5 мин. | истражува за да дојде до точни заклучоци и тврдења | учениците прават точна проценка за физичките разлики разлики меѓу дете и возрасен | Наставникот со по еден ученик од секоја група мери и споредува:<br>- големина на дланки (дланка врз дланка)<br>- висина (наставникот и ученикот се споредуваат еден крај друг)<br>- должина на стапало<br>- заби | З | натавник - ученик | набљудување, дискусија |
| 10 мин. | Добивање и прикажување докази | учениците ги набројуваат физичките разлики разлики меѓу бебе и возрасен | Во парови учениците разговараат за тоа зошто возрасниот човек е поголем од бебе. | П | лист А4 формат, молив<br>прилог 1 | работен лист - Т табела |
| 15 мин. | Мери со помош на едноставна опрема и ги забележува набљудувањата на различни начини. | Претставуваат резултати во табела. | Учениците добиваат за задача да измерат различни делови од своето тело (табела). Наставникот ги мери истите делови од своето тело и мерките ги запишува на табла.<br>- се споредуваат добиените резултати (учениците прво прават предвидување, а потоа одлучуваат со што ќе ги направат мерењата. Добиените резултати ги бележат, а потоа ги презентираат.) | Г | линијар, метро, хартија и моливи<br>прилог 1 | - прашање/ одговор<br>- работен лист - табела |
| 5 мин. | Знае за за растот како животен процес кој е заеднички за луѓето и за животните | набројува животни: родител - младенче | еден ученик кажува животно, друг го именува неговото младенче (коњ - ждребе и тн.) | П | | - прашање/ одговор |

| | |
|---|---|
| **Организација**: Детали за поделба по улоги /групи/возрасни (поврзано со активностите) | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** |
| Групите се формираат од ученици со различен физички раст | Домашна работа: да ги споредат своите мерки со мерењата на телото на другите членови на семејството.<br><br>**Клучен вокабулар/поими**<br>возрасен, бебе, мерка, мери, споредува |

